

# КАСИОПЕЈА НАУМОСКА

# KASIOPEJA NAUMOSKA



***На мајка ми***
***To my mother***

## КАСИОПЕЈА НАУМОСКА

**1968** - родена во Скопје
**1986** - заврши У.П.У. “2 АВГУСТ”, Скопје
**1993** - дипломира на Ф.Л.У, Скопје
**адреса:** Драгиша Мишовиќ 12/16 Скопје
**тел.:** 070 60 64 65,
**e-mail:** kasiopejanaumoska@yahoo.com

### САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:

**2007** - Француски Културен Центар, Скопје
**2006** - Мал формат - Сто минијатури, Ресторан “Ден и ноќ”, Скопје
**2005** - Дом на култура, Радовиш, Дом на култура, “Јане Сандански”, Ново село - Струмица
- Завод и музеј,Галерија, Битола, Галерија, ДЛУМ, Скопје

**2003** - Центар на култура, Прилеп, Културно информативен центар, Скопје
**2001** - Центар на култура, Прилеп
**1999** - Центар на култура, Куманово
**1998** - Културно информативен центар, Скопје
**1995** - Културно информативен центар, Скопје, Центар на култура, Куманово
- Центар на култура, Битола

**1994** - Центар на култура, Кавадарци, Центар на култура, Прилеп

### ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:

**2006** - Ревијална изложба - ДЛУМ, М.Г.С, Скопје, Мал формат - К.И.Ц, Скопје
- Уметниците на Карпош за граѓаните на Карпош (30 години) Кинотека на Македонија, Скопје, Интернационална изложба, Битола
- ДЛУБ, Битола, ДЛУБ, Прилеп

**2005** - Ревијална изложба - ДЛУМ, М.Г.С, Скопје
- Групна изложба “Бели ноќи “ М.Г.С, Скопје

**2004** - Мал формат, Шарјах - Обединети арапски емирати
- ДЛУМ,Скопје
- Мал формат - КИЦ, Скопје
- “КОРА”, Скопје, ДЛУБ, Битола
- Прилеп, Ц.С.Л.У., ДЛУБ, Куманово, ДЛУБ, Софија-Бугарија

**2003** - ДЛУМ, Музеј на современа уметност, Скопје
- Отешево, ДЛУБ, Битола
- Интернационална керамичка изложба-Софија, Бугарија

**2002** - ДЛУМ, Музеј на современа уметност, Скопје
- Мал формат, КИЦ, Скопје, ДЛУБ, Битола
- ДЛУМ,М.Г.С, Скопје, Интернационална изложба, Кавадарци
- Интернационална изложба, Битола, Интернационална изложба, Гевгелија

**2001** - ДЛУМ, М.Г.С, Скопје
- ДЛУМ,Музеј на современа уметност, Скопје

**2000** - Друштво на ликовни педагози на Р.Македонија, Скопје
- Интернационална изложба, Лесковац, Југославија
- Интернационална изложба, Варна, Бугарија, ДЛУМ, Скопје

**1999** - Друштво на ликовни педагози на Р.Македонија, Скопје
- Мал формат, ДЛУМ, Скопје
- Интернационална изложба, Анкара, Турција
- Интернационална изожба, Прилеп, Мал формат, КИЦ, Скопје

**1998** - Мал формат, КИЦ, Скопје
- Интернационална изложба, Валандово, ДЛУМ,Скопје

**1997** - Друштво на ликовни педагози на Р.Македонија, Скопје, Мал формат, КИЦ, Скопје
**1996** - Интернационална изложба, Прилеп
**1994** - Интернационална изложба, Прилеп

### НАГРАДИ:

**2003** - ДЛУМ, Награда за сликарство”Петар Мазев”
**2001** - Ц.Р.С, Награда за плакат
**1997** - КИЦ, Мал формат, Награда од публика

---

На предна корица: ЦРНИОТ ШЕШИР, 2007 , масло на платно, 55 x 70
На задна корица: БАЛ, 2007, масло на платно, 55 x 70

## KASIOPEJA NAUMOSKA

**1968** - Born in Skopje
**1986** - Completed the School of Applied Arts “2nd of August” in Skopje
**1993** - Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje
**Address**: Dragiša Mišović 12/16, 1000 Skopje,
**Phone**: + 389 70 606465
**e-mail**: kasiopejanaumoska@yahoo.com

### SOLO EXHIBITIONS:

**2007** - French Cultural Center, Skopje
**2006** - Small Scale Format - A Hundred Miniatures, “Day And Night” restaurant, Skopje
**2005** - Cultural Center, Radoviš, Cultural Center “Jane Sandanski”, Novo Selo, Strumica
- Institute and Museum, Gallery, Bitola, Gallery DLUM, Skopje

**2003** - Cultural Center, Prilep, Cultural Information Center, Skopje
**2001** - Cultural Center, Prilep
**1999** - Cultural Center, Kumanovo
**1998** - Cultural Information Center, Skopje
**1995** - Cultural Information Center, Skopje, Cultural Center, Kumanovo, Cultural Center, Bitola
**1994** - Cultural Center, Kavadarci, Cultural Center, Prilep

### GROUP EXHIBITIONS:

**2006** - Revue exhibition - DLUM, Museum of the City of Skopje
- Small Scale Format - Cultural Information Center, Skopje
- The artists of Karpoš for the citizens of Karpoš (30th anniversary)
- Cinematheque of Macedonia, Skopje, International Exhibition, Bitola
- DLUB, Bitola, DLUB, Prilep

**2005** - Revue exhibition, DLUM, Museum of the City of Skopje
- Group exhibition “White Dawns”, Museum of the City of Skopje

**2004** - Small Scale Format, Sharjah, United Arab Emirates
- DLUM, Skopje
- Small Scale Format, Cultural Information Center
- “KORA”, Skopje, DLUB, Bitola, Prilep, Center of Contemporary Art
- DLUB, Kumanovo, DLUB, Sofia, Bulgaria

**2003** - DLUM, Museum of Contemporary Art, Skopje
- Oteševo, DLUB, Bitola
- International Ceramic Exhibition, Sofia, Bulgaria

**2002** - DLUM, Museum of Contemporary Art, Skopje
- Small Scale Format, Cultural Information Center, Skopje
- DLUB, Bitola, DLUM, Museum of the City of Skopje
- International Exhibition, Kavadarci, International Exhibition, Bitola
- International Exhibition, Gevgelija

**2001** - DLUM, Museum of the City of Skopje, DLUM, Museum of Contemporary Art, Skopje
**2000** - Association of Art Pedagogues of R. M., Skopje
- International Exhibition, Leskovac, Yugoslavia, International Exhibition, Varna, Bulgaria
- DLUM, Skopje

**1999** - Association of Art Pedagogues of R. M., Skopje, Small Scale Format, DLUM, Skopje
- International Exhibition, Ankara, Turkey, International Exhibition, Prilep
- Small Scale Format, Cultural Information Center, Skopje

**1998** - Small Scale Format, Cultural Information Center, Skopje
- International Exhibition, Valandovo, DLUM, Skopje

**1997** - Association of Art Pedagogues of R. M., Skopje
- Small Scale Format, Cultural Information Center, Skopje

**1996** - International Exhibition, Prilep
**1994** - International Exhibition, Prilep

### AWARDS:

**2003** - DLUM Award for painting “Petar Mazev”
**2001** - C. R. S. Award for poster
**1997** - Cultural Information Center, Small Scale Format, Audience Award

---

Front cover: THE BLACK HAT, 2007, oil on canvas, 55x70
Back cover: BAAL DANCE, 2007, oil on canvas, 55x70

*"Уметноста е огледало на животот"*
Толстој

Во текот на својата повеќе годишна континуирана творечка активност, Касиопеја Наумоска, овојпат ни открива нови дела, нови барања во својата ликовна лексика во насока на предизвикот да работи со интензивен колорит, потоа, во изборот на темата и мисловната димензија во корист на една естетика помеѓу тривијалната обвивка и внатрешното жарење, помеѓу надворешната пресија и внатрешниот импулс.

Секоја творба, како испишана страница од интимниот- сентиментален "дневник" - имагинарен свет на Наумоска, е плод на личен белег и единство, која сведочи за творечката енергија да допреме до нејзината длабока душа и сензибилитет - изворот на повеќеслојните ликовни преокупации и медитации, додека возвишеното, трансцедентното, својата форма ја наоѓа во динамиката на потезот, во ритамот на линијата, формата, бојата, во еманираната светлина.Тоа се дела кои водат во светот на фантазијата, во светот на магичното, мистичното, метафизичкото, свет на сон или јаве, дела полни со наративни пораки. Или од друга страна, тоа е свет на ведра панорама на обоени површини, форми, на суптилно-префинети премини на контрасти, со светлина која од внатре извира, сплет на линии кои ја држат и поврзуваат фигурата и композицијата воопшто, со силно и експресивно нагласени потези, рафинирани колористички акорди.

Обединувајќи ги мислата и чувствата, духовното и материјалното, спиритуалното и естетското, тоа е конечно, само нејзин начин, да создаде творби со различни сцени од животот, дела со една ликовна симбиоза за енигмата на човековото битисување - постоење и опстојување. Така судирот на животот и смртта, на движењето и мирувањето, на светлината и темнината, на просторот и времето ја откриваат вселенската драма на постоењето. Со остри опсервации, распламтена фантазија, Таа ги анализира и орнаментира, еден настан, еден предмет, еден објект, од аспект на нивната физиономско-психолошка содржина па се до ликовната фиксација. Во нив се забележуваат динамични и драматични, лирски моменти. Фиксирајќи ги ,Таа во своите слики ги вградува ферментите на минатото, сегашноста, иднината, рефлектирајќи една потреба од длабоко интимно соживување со себе, со својата средина, како катарза како своевидна духовна егзистенција, што ја окупира како емотивно раздвижување, како сликарски проблем.

Во тој компромис на реално свесното и иреално потсвесното, во тој имагинарен свет, Таа го отсликува својот свет низ претстави-слики со мотиви кои се потполно органски вклопени во форми кои ја чинат цврстата конструкција на композицијата.

Оттука нејзиното сликарство е слоевито и смислено вкрстено од различните емотивни доживувања, расположенија, притоа, ослободувајќи се од една цела конкретна логика, во корист на диктатот на чулата и чувствата, со промислена, контемплативна сила на внатрешната енергија и психичките вибрации на емоционалниот дијаграм, кои се реперкуираат во засебни дела со своевидна естетика.

Целокупната естетика во композицијата е заснована на бојата, линијата, светлоста. Стилски, нејзиниот израз е целовит; бојата, линијата, формата во композицијата се еквивалентни и се во рамнотежа, во единствено идеално надополнување, (таканаречено свето тројство) во кое не се знае каде еден од нив (чинителите) почнува (се раѓа) а каде другиот престанува. Таа црта со боја, боји со цртежот, компонирајќи ги едното со другото. Потезот и е динамичен, линеарен, долг, валовит, бурен кој претставува и линија и боја. Не се служи со јасно омеѓени, цврсто исликани колористички одредени површини, туку тие се во движење - искричави, составени од неколку чинители: колористички, графички и валерски, во кои владеат чисти ликовни принципи и елементи во обликувањето на архитектониката. И кога колоритот е заситен со пастуозни намази, и кога станува збор за лесните потези со лазурни и прозрачни белузлави тонови, кога линијата, (множество линии, цртички, сплет и заплет) како понорница пулсира, се губи и се појавува, кога полната и празна-воздушеста форма(запрено движење или треперење во воздухот) ја исполнува композицијата а сето тоа натопено со светлина, произлегува дека; едноставната можност за толкување на лексиката, интензитетот, експресијата на ова сликарство се одраз на творечката страст и темперамент, нејзиниот предодреден дел како детерминанта за творење. Истовремено, со играта меѓу полното и празното, транспарентното и мистичното, односно со разнородниот третман на елементите и на нивната просторна диспозиција и елевација, Наумоска ја гради архитектурата на суптилната аура на нејзиниот митски реално-иреален, виртуелен свет.

Нејзините слики, модулирани луминозно, со суптилни лирски претопувања, интимистички интонирани, во вид на бујна колористичка полифонија, сликани се со топло и префинето чувство, со излив на хармонијата на битието-плод на онтолошката иманентност, изразувајќи радост и тага, мир и немир, отсликувајќи го внатрешниот импулс, нејзиниот интелектуален и емоционален набој.

Сеопфатно, сликарството на Касиопеја Наумоска, зборува за суптилен творец со извонредно истенчен нерв и имагинација, со вродена смисла за студиозност, за сликар кој одлично владее со ликовните елементи и композицијата која е спектрална и повеќеслојна. Тоа е хармонично сликарство, кое ја брани убавината на интимата, со нагласена експресионистичка страст, (доволно магнетна за да се чита длабински) со симболични и асоцијативни значења, со треперлива калеидоскопска игра на боите добивајќи звучен квалитет со целовити вредности.

Касиопеја Наумоска е автор кој доследно го гради својот ликовен свет во засебна естетика и висока ликовна култура-ликовно знаење што се препознава и потврдува со свој карактеристичен ликовен ракопис.

*Дора Андова Фотева*



АРЛЕКИНОТ И НЕГОВАТА НАДЕЖ, 2006, масло нплатно, 55 x 70
HARLEQUIN AND HIS HOPE, 2006, oil on canvas, 55x70

*"THE ART IS A MIRROR OF LIFE"*
Tolstoy

In the context of her long years continual artistic engagement, this time Kasiopeja Naumoska reveals new artworks, new researches within her artistic idiom in the direction of the challenge to work in intense coloration, in the choice of topics, forms and comprehensive dimension, as a pretext of an esthetics between the trivial physical wrapping and the inner glowing, between the external pressure and the inner impulse.

Each artwork, as a written page of the intimate-sentimental diary of Naumoska, is a result of a personal mark and unity, possessing an inborn sense of thoroughness which speaks of her huge creative energy and which provides our access to her deep soul and sensibility. They reveal a particular catharsis, they emphasize the emotional experience, translated to works which reflect the secret of the source of the complex artistic preoccupations and meditations. At the same time, however, the exalted, the transcendental, finds its form in the dynamics of the stroke, in the rhythm of the line, in the emanated light, in the harmony of the being - the result of the ontological immanence. These artworks lead to the world of fantasy, to the destined things in men, a world dreamed in a dream, awake, artworks full of narrative messages, a world of the magical, mystical, metaphysical... Or, on the other hand, it is a world of a vivid vista of colored forms, of subtle - refined passages of contrasts, with light that comes from within, a cluster of lines that hold and link the figure and the composition in general, with a strong and expressively emphasized strokes, refined coloring accords.

The joining of thoughts and feelings, of the spiritual and material, the spiritual and esthetic, is definitely her unique way to make artworks with different life scenes, works with a visual symbiosis of the enigma of the human dwelling - existing and persisting. The conflict of life and death, of motion and stillness, of light and darkness, of space and time, reveal the cosmic drama of existence. With sharp observations, burning fantasy, she analyses and ornaments an event, an object, from the aspect of their physiognomic - psychological content, all the way to the artistic fixation. They include dynamic and dramatic, at times lyrical moments. She fixes them, incorporating in her paintings the ferments of the past, present and future, reflecting a necessity of a deep intimate experiencing of herself and of her environment as a certain spiritual existence that occupies her as an emotional agitation, as a painterly problem.

In that compromise between the really conscious and the irreal subconscious, in that imaginary world she reflects her world through images-paintings with motifs that are completely organically fitted in forms that make the construction of the composition.

Therefore her painting is layered and deliberately intercrossed by different experiences and moods, thus releasing herself of an entire particular logic, in favor of the dictate of the senses and feelings, with an elaborate, contemplative power, with outbursts of inner energy and the psychic vibrations on the emotional diagram that result in certain artworks with particular esthetics.

The entire esthetics of the composition is based upon the color, line, light. From a stylistic viewpoint her language is complete; the color, the line, the form of the composition are balanced into a unique ideal fulfillment, the so called holy trinity, where one can not tell when one of them (agents) starts (is born) and where the other one ends. She draws with paint, she paints with the drawing, composing one into the other. Her stroke is dynamic, linear, long, wavy, stormy, it represents both the lines and the paint. She does not use clearly marked, definitely determined and coloristically defined areas; they are always in motion - sparkly, composed of several agents: color, graphics and hue; these artworks are ruled by strong artistic principles and elements of designing the architectonics. The coloration is sometimes saturated with thick layers of paint and she uses light strokes for the azure and transparent whitish hues, the line (a multitude of lines, scratches, clusters and interlacements) same as a sinking river, pulsates, disappears and reappears, the full and empty - airy form (broken movement or the flickering of the air) fulfills the composition, and all this is soaked in light; it seems that the simple opportunity to interpret the idiom, the intensity and the expression of this painting is a reflection of the creative passion and temperament, of her predetermined part as the condition for creating.

By playing with the full and the empty, the transparent, that is, with her diverse treatment of the elements and their spatial disposition and elevation, Naumoska makes the architecture of the subtle aura of her mythical real-irreal, virtual world.

Her paintings are subtle lyrical interlacements, intimistically tuned into a kind of a vivid coloring polyphony, they are painted with warm and refined feeling, subtly modulated, with a mild, yet mature and decisive luminosity, in the harmony of the being - the result of the ontological immanence, expressing pain and joy, rest and unrest, with more or with less energy, reflecting the inner impulse, her intellectual and emotional charge.

Therefore, generally speaking, the painting of Kasiopeja Naumoska shows a subtle artist with an extremely refined sense, a painter who perfectly masters the composition which is spectral - multi-layered; its basis is mental, rich in psychological and ontological associations, magnetic enough for a deep reading after approaching the world of this harmonic painting. It is a complete painting that stands for the beauty of the intimacy, with an emphasized expressionistic passion, with a flickering kaleidoscopic game with the hues, thus acquiring a sound quality with complete values. She is an artist who persistently creates her artistic world in a particular esthetic and elaborate artistic culture - artistic knowledge which is recognized and acknowledged by its own characteristic individual artistic language.

*Dora Andova Foteva*



КРАЛИЦА НА ЗВЕЗДИТЕ, 2006, масло на платно, 55 x 75
QUEEN OF THE STARS, 2006, oil on canvas, 55x70

ЗАБОРАВ, 2006,
масло на лесонит,  45 x 45
OBLIVION, 2006,
oil on plywood, 45x45



АРЛЕКИНОТ И НЕГОВАТА
НАПУШТЕНА НАДЕЖ, 2006,
масло на платно, 55 x 70
HARLEQUIN AND
HIS ABANDONED HOPE, 2006,
oil on canvas, 55x70






ПРЕЌУТЕН ДОГОВОР, 2006,
масло на платно, 50 x 70
TACIT AGREEMENT, 2006,
oil on canvas, 50x70



ВО СПОМЕНИТЕ, 2006,
масло на платно, 70 x 100
IN THE MEMORIES, 2006,
oil on canvas, 70x100



Издавач: Музеј на град Скопје; Одговорен уредник: Јован Шурбаноски; Организација на изложбата: Дора Андова Фотева; Текст: Дора Андова Фотева;
Дизајн на каталогот: Михајло Мотески; Фотографии: Касиопеја Наумоска; Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова; Печати: Скенпоинт; Тираж: 500;
Реализација: Музеј на град Скопје, март 2007

Publisher: Museum of the City of Skopje; Editor-in-chief: Jovan Šurbanoski; Organization of the exhibition: Dora Andova Foteva; Text: Dora Andova Foteva;
Layout: Mihajlo Moteski; Photos: Kasiopeja Naumoska Translated into English by: Maja Hadzimitrova Ivanova, Printed by: Skenpoint; Copies: 500;
Realisation: Museum of the City of Skopje, March 2007

Изложбата и каталогот се реализирани со подршка на Град Скопје, The exhibition and the catalogue are supported by the City of Skopje
ISBN 9989 - 156 - 35 - 2